**Народна банка на Република Македонија**

# СТРАТЕГИСКИ ПЛАН

# НА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ЗА ПЕРИОДОТ 2017-2019 ГОДИНА

мај 2016 година

Врз основа на член 47 став 1 точка 9 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и член 12 став 3 од Правилникот за стратегиско и оперативно планирање, Пр. бр. 02-15/I-1/2016 од 28 јануари 2016 година, Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**Стратегиски план**

**на Народната банка на Република Македонија**

**за периодот 2017-2019 година**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Стратегискиот план на Народната банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка) се утврдува врз основа на мисијата, визијата и организациските вредности на Народната банка, во зависност од макроекономското опкружување и клучните предизвици и ги содржи основните стратегиски цели за наредниот тригодишен период.

2. Стратегискиот план се ревидира секоја година и претставува основа за подготовка на Програмата за работа, со кои се утврдуваат годишните програми за остварување на стратегиските цели.

Стратегискиот план ги содржи следниве прилози:

- Проектиран Биланс на состојба за тековната и за наредните три години;
- План на оперативните трошоци за наредните три години; и
- Рамка на планираните инвестиции за наредните три години.

## II. МАНДАТ И НАДЛЕЖНОСТИ

3. Основните цели на Народната банка се утврдени во Законот за Народната банка, според кој основна цел на Народната банка е постигнување и одржување на ценовната стабилност. Друга цел, подредена на основната цел, е таа да придонесува кон одржување стабилен, конкурентен и пазарноориентиран финансиски систем, додека третата цел е поддршка на општата економската политика без да се загрози остварувањето на основната цел и во согласност со принципот на отворена пазарна економија со слободна конкуренција.

## III. МИСИЈА, ВИЗИЈА И ВРЕДНОСТИ

4. Мисијата произлегува од законски утврдените цели и ја изразува посветеноста на Народната банка за одржување на ценовната стабилност преку спроведување на избраната монетарна стратегија на одржување стабилен девизен курс на денарот во однос на еврото. Воедно, Народната банка ќе продолжи да дава придонес кон

одржување на финансиската стабилност и зголемување на економската благосостојба и животниот стандард на граѓаните.

5. Визијата на Народната банка е да биде препознаена како независна, одговорна, професионална и транспарентна институција којашто ужива висока доверба и кредибилитет во јавноста.

6. Вредностите на Народната банка се развиваат и градат од страна на вработените во соработка со раководството, а се согледуваат во процесот на одлучување, утврдување на приоритетите, секојдневното работење и оперативното извршување на целите и задачите, преку јакнење на организациската култура, зголемување на ефективноста во работењето, регулирање на меѓусебните односи на вработените, развивање одговорност и свесност за работните обврски и создавање позитивно опкружување.

## IV. СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ НА НАРОДНАТА БАНКА

7. Во наредниот тригодишен период, Народната банка ќе биде насочена кон остварување на следниве стратегиски цели:

Стратегиска цел 1

- **Одржување на ценовната стабилност преку стабилен курс на денарот во однос на еврото.**

Амбиентот во кој ќе се остварува оваа цел во следните три години се оценува како период на понатамошно закрепнување од „големата рецесија" и нормализирање на вкупните текови. И покрај постепеното стабилизирање на економските и на финансиските текови, економското закрепнување во глобални рамки и понатаму е неизвесно. Оваа констатација се однесува и на евро-зоната, како наш битен економски партнер, каде што ризикот за пролонгиран слаб економски раст, иако намален со преземените мерки на Европската централна банка, и понатаму е присутен. Воедно, изразена е променливоста на условите на глобалните финансиски пазари, а значаен глобален ризик се и послабите економски остварувања во брзорастечките економии. Ризиците поврзани со цените на примарните производи, чијашто динамика во изминатиот период беше променлива, се присутни и понатаму. Во последниот период поизразени се ризиците од геополитички карактер, а дел од нив доведоа до бегалската криза, којашто има и економски ефекти. Заканата од тероризам, во глобални рамки, исто така, доби на тежина. Покрај неизвесната надворешна околина, и турбулентниот домашен политички контекст е фактор што во голема мерка може да делува на окружувањето и на остварувањето на стратегиските цели на Народната банка.

Успешното остварување на целта за одржување на ценовната стабилност подразбира располагање со солидна аналитичка инфраструктура. Оттука, процесот на донесување монетарни одлуки за остварување на оваа цел ќе се темели врз изработка на навремени и висококвалитетни макроекономски проекции, анализи и квалитетни редовни извештаи со јасни погледи за идните економски движења. Во следниот тригодишен период и натаму ќе се работи на постојано подобрување на квалитетот на процесот на проектирање и анализа на политиките, преку усовршување на сегашното портфолио на модели, како и преку негово збогатување со нови модели и нови пософистицирани техники. Процесот на монетарно одлучување и натаму ќе се поткрепува со макроекономски анализи фокусирани на потенцијалните слабости во домашната економија. Подобрувањето на содржината и начинот на презентирање на

користената рамка за прогнозирање во рамки на редовните извештаи ќе се одвива во континуитет, со фокус на среднорочните движења на макроекономските варијабли, нивните монетарни влијанија и клучните ризици. Зголемувањето на транспарентноста ќе го зголеми разбирањето на начинот на монетарно одлучување и причините за донесените монетарни одлуки од страна на економските субјекти и ќе делува врз формирањето на нивните идни очекувања. Делувањето врз очекувањата на економските субјекти би ја зголемило ефективноста на монетарната трансмисија.

Имајќи го предвид макроекономското окружување, Народната банка ќе продолжи соодветно да управува со монетарните инструменти на начин што ќе обезбеди ефикасно управување со ликвидноста на банкарскиот систем и одржување на рамнотежата на девизниот пазар, а со тоа, одржување стабилна вредност на девизниот курс. Со оглед на присутната неизвесност, спроведувањето на монетарната политика во следниот период ќе биде насочено кон рано препознавање на ризиците и навремена и ефикасна реакција преку монетарните инструменти како би се обезбедило успешно остварување на монетарните цели. Одржувањето стабилен девизен курс на денарот во однос на еврото останува врвен приоритет на Народната банка и таа ќе продолжи успешно да го остварува и во следниот период, за што располага со соодветно ниво на девизни резерви и ефикасен монетарен инструментариум. И во следниот период, Народната банка ќе продолжи со активна промоција на денарското штедење, односно ќе продолжи да носи мерки коишто ќе ги поттикнуваат банките да развиваат депозитни производи што ќе стимулираат штедење во домашна валута. Со тоа, Народната банка ќе продолжи да го поддржува процесот на дезевроизација на домашната економија присутен во последните неколку години, што во еден дел се должи на донесените монетарни мерки.

Стратегиска цел 2

- **Одржување стабилен и сигурен банкарски систем, како основен предуслов за финансиска стабилност и за одржлив економски раст на земјата.**

Амбиентот во кој ќе се остварува оваа стратегиска цел во наредните три години се оценува како период на стабилизирање на тековите во економијата и во банкарскиот сектор, кои се предизвикани од тековната политичка криза, но и пролонгираните послаби економски остварувања во Европската Унија. Се очекува задоволителната капитализираност и ликвидност да останат најсилните страни на банкарскиот систем во земјата. Управувањето со проблематичниот дел од кредитните портфолија, како и генерирањето задоволителна и одржлива профитабилност на банките ќе бидат значајни предизвици за нив. Се очекува конкуренцијата меѓу банките и понатаму да се засилува, особено на пазарот на населението. Со примената на новата регулативна рамка за платежни услуги, се очекува освен банките, на финансискиот пазар да се појават нови платежни институции. Со тоа, конкуренцијата меѓу нив значително би се зголемила, што би довело до понуда на нови, квалитетни, но и поевтини финансиски услуги за клиентите. Во услови на сè уште ниски каматни стапки, во потрага по повисоки приноси, се очекува банките со средна големина да ја зголемат понудата со нови покомплексни финансиски производи. Се очекува и дополнително зголемување на транспарентноста на банките во понудата на финансиските услуги од аспект на цената и квалитетот.

Банките ќе бидат дополнително соочени со предизвикот за примена на обемната и комплексната регулатива позната како Базел III, пред сè, новите капитални стандарди и ликвидносни коефициенти, како и Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ 9), особено во делот на управувањето со кредитниот

ризик. Токму новото регулаторно окружување, но и зголемената конкуренција меѓу банките, треба да претставуваат дополнителен поттик за интензивирање на процесите на консолидацијата на банкарскиот систем, но и сопственички промени.

Финансиската стабилност во земјата ќе биде под влијание и на остварувањата на небанкарскиот финансиски сектор, пред сè пензиските фондови и осигурителните компании, кои во последниве неколку години добиваат сè поголемо значење на финансискиот пазар. Оттука, редовната оцена на ризиците кај одделните сегменти, но и на можното прелевање на ризиците од еден во друг сегмент од финансискиот систем, се од клучно значење за одржување на неговата стабилност.

Во следниот среднорочен период, Народната банка ќе биде насочена кон натамошно одржување на стабилноста и сигурноста на банкарскиот систем, а со тоа и на финансиската стабилност, преку редовен надзор на работењето на банките и на другите финансиски институции, натамошно јакнење на капацитетот на супервизијата за следење и оцена на начинот на управувањето со ризиците кај банките, како и на потребниот капитал на банките во зависност од агрегатниот профил на ризик на банките. Воедно, ќе продолжи процесот на усогласување на банкарската супервизија и регулативната рамка со новите Базелски принципи за ефикасна банкарска супервизија, ќе се воспостави новата банкарска директива преку донесување нов закон за банки (кредитни институции), ќе се започне со приманата на новата регулативна рамка за платежни услуги и ќе се унапреди регулативната и институционалната рамка за решавање на проблематичните банки. Во областа на финансиската стабилност, ќе се работи на натамошно јакнење на аналитичката и истражувачката работа.

Целиот процес ќе биде поддржан преку проширување на соработката со домашните и странските супервизорски органи. Во рамките на активностите на Виенската иницијатива, од посебно значење е воспоставување механизам за соработка со Европската централна банка, што треба да придонесе за непречена супервизија на дел од банкарските групации од евро-зоната кои се присутни во Република Македонија.

<u>Стратегиска цел 3</u>

- **Ефикасно управување со девизните резерви на Република Македонија при оптимална рамнотежа помеѓу принципите на сигурност, ликвидност и поврат од управувањето.**

Управувањето со девизните резерви ќе се остварува во согласност со домашните и меѓународните услови, почитувајќи ги принципите на сигурност, ликвидност и профитабилност. Во тој контекст, со цел обезбедување оптимален баланс помеѓу повратот и ризикот од инвестирањето, се предвидува приспособување на инвестициската стратегија во насока на зголемување на инвестициите во финансиски инструменти и валути со позитивни приноси и постабилни економски изгледи. Воедно, Народната банка ќе продолжи со натамошно јакнење на институционалниот капацитет за управување со девизните резерви преку учество во советодавната програма за управување со девизни резерви на Светската банка (РАМП) во чиишто рамки се предвидени активности за натамошно унапредување на процесите за управување и инвестирање на девизните резерви, унапредување на управувањето со ризиците при управувањето со девизните резерви согласно со најдобрите практики препорачани од Светската банка, зголемување на ефикасноста при управувањето со девизните резерви преку примена на нови стратегии за тргување, обезбедување техничка помош, размена на искуства и постојани обуки на вработените од организациските единици што се вклучени во процесот на управување и инвестирање на девизните резерви.

Стратегиска цел 4

- **Поддршка на развојот на домашните финансиски пазари.**

Народната банка и во следниот среднорочен период ќе продолжи со активно учество и поддршка на развојот на домашните финансиски пазари преку вклучување во активностите за примена на европската регулативна рамка во регулативата на домашните финансиски пазари, унапредување на пазарната инфраструктура и поддршка на развојот на нови финансиски инструменти, што ќе придонесе за зголемување на ефикасноста на домашните финансиски пазари. Во таа насока, се предвидува преиспитување на регулативата поврзана со електронските платформи за тргување во согласност со насоките од предвидените законски измени за тргување со финансиски инструменти. Притоа, ќе се преиспита и инфраструктурната рамка којашто ги опфаќа тргувањето и порамнувањето на трансакциите со финансиски инструменти во функција на поголема ефикасност и транспарентност. Фокусот на активностите на Народната банка во овој домен ќе биде и кон промовирање на деривативните производи за обезбедување од каматен ризик, со што ќе се збогати спектарот на инструменти за управување со пазарните ризици во услови на постепено напуштање на практиката на банките за користење приспособливи каматни стапки. Во таа смисла, се предвидува поставување нов пазарен индекс врзан за дериватив на каматни стапки (каматен своп индексиран за референтна каматна стапка преку ноќ), врз основа на котации на банките, што ќе придонесе за зголемување на информациите за пазарните очекувања. На тој начин, се очекува да се зголеми информативниот сет податоци за пазарните учесници, дури и во почетни услови кога тргувањето со овие производи би било со понизок интензитет.

Стратегиска цел 5

- **Зголемување на ефикасноста на системот на снабдување и обработка на книжните и кованите пари и зголемување на квалитетот и функционалноста на готовите пари во оптек.**

Во насока на либерализација на пазарот на готовинските услуги преку стимулирање и создавање конкурентни услови, ќе продолжат заложбите за понатамошно усогласување на подзаконската регулатива која го регулира готовинското работење со сигурносно-безбедносните и техничко-технолошките стандарди кои важат во земјите на ЕУ. Воедно, заради следење на примената на пропишаните стандарди и критериуми за одржување на квалитетот на парите во оптек, ќе се работи на понатамошно развивање и продлабочување на контролната функција на Народната банка и ќе се интензивираат обуките за вработените во банките и центрите за готовина. Истовремено, ќе се интензивираат истражувачките активности за согледување на новите техники и технологии за печатење и ковање пари, врвните достигнувања во доменот на сигурносните заштити на парите и можностите за нивна примена во постојниот или изменетиот дизајн на книжните и кованите пари.

Стратегиска цел 6

- **Одржување највисок степен на сигурност, стабилност и ефикасност на домашните платни системи и обезбедување услови за прекугранично поврзување на платните системи.**

Клучен предизвик претставува усвојувањето нова регулативна рамка согласно со правото на Европската Унија, којашто се очекува да придонесе за појава на нови платни инструменти, платежни институции и платни системи во земјата и да ја зголеми конкуренцијата, ефикасноста, транспарентноста и заштитата на корисниците на платежни услуги. Истовремено, ќе се продолжи со активностите за започнување со работа на системот за прекугранични плаќања во евра преку Македонскиот интербанкарски платен систем (МИПС) на Народната банка, во чии рамки ќе се изврши поврзување на МИПС со системот ТАРГЕТ 2[1], што ќе овозможи пониски трошоци за прекугранични плаќања, како за Народната банка така и за деловните банки кои ќе бидат поврзани преку овој канал. Понатаму, се очекува постепено усогласување на условите за извршување на плаќањата во земјата и прекуграничните плаќања. Во следниот среднорочен период Народната банка ќе продолжи со натамошно унапредување на задногинското работење согласно со практиките и стандардите на работа на Европската централна банка, а ќе продолжат и активностите за унапредување на надгледувачката улога на Народната банка во доменот на работењето на платните системи.

Стратегиска цел 7

- **Развој на истражувачката дејност во областите коишто се од клучно значење за ефикасно остварување на целите на Народната банка.**

Спроведувањето на монетарната политика во високоотворена економија којашто поминува низ процесот на структурни реформи е релативно сложен процес. Оттука, за ефективна монетарна политика потребни се голем број истражувања со цел подобро да се разберат монетарната трансмисија, реалната економија, макрофинансиските врски и други области што се од клучно значење за ефикасно утврдување и спроведување на монетарната политика. Натамошниот развој на економетриски алатки ќе претставува основа за натамошно унапредување на истражувањата.

Стратегиска цел 8

- **Обезбедување квалитетни статистички податоци, целосно усогласени со меѓународните и европските статистички стандарди, водејќи сметка за известувачкиот товар и нивната ефикасна, навремена и едноставна дисеминација до корисниците.**

Во областа на статистиката, во посткризниот период се зголеми свесноста за важноста на квалитетните детални и навремени макроекономски статистички податоци при креирањето и преземањето мерки од страна на носителите на економските политики. Воедно, евидентна е и потребата од овозможување поедноставен пристап до овие податоци за пошироката јавност. Исто така, имајќи го предвид растечкиот тренд на трговска и финансиска интеграција на Република Македонија во глобалните економски текови, како и стратегиската определба за членство во ЕУ, предизвиците главно се поврзани со примената на меѓународните статистички стандарди и постепеното усогласување со европските барања во однос на опфатот и квалитетот на макроекономските статистики.

---

[1] Платен систем за порамнување во евра во реално време на бруто-основа управуван од Евросистемот

Оттаму, успешното остварување на оваа цел подразбира продолжување на активностите насочени кон натамошно унапредување на квалитетот и опфатот на постојните екстерни и монетарни статистики согласно со меѓународните и европските статистички стандарди. Исто така, ќе продолжат и активностите насочени кон проширување на дијапазонот на расположливите статистики со нови статистички истражувања, а пред сè со статистиката на финансиска сметка и статистиката на хартии од вредност. Значајна поддршка за збогатување на статистичкиот сет податоци и за поедноставување на пристапот на јавноста до нив ќе овозможи и примената на проектот за изградба на систем за управување со базите на податоци во рамки на Народната банка. Збогатениот опфат на статистички податоци, надополнет со подетални методолошки објаснувања, уште повеќе ќе го подобри процесот на одлучување на носителите на макроекономските политики, а ќе придонесе и за подобра информираност на јавноста, воопшто.

Стратегиска цел 9

- **Подготовка на Народната банка за приклучување и членство во Европскиот систем на централни банки.**

Народната банка ќе продолжи со активностите за исполнување на оперативните и институционалните барања за членство во Европскиот систем на централни банки. Во таа смисла ќе се работи на натамошно усогласување со европското законодавство, стандарди и најдобри практики на централнобанкарското работење, како и на континуирано јакнење на административните капацитети на Народната банка. Воедно, во наредниот среднорочен период, се планира зајакнување на техничката соработка со останатите централни банки и меѓународни финансиски институции, како и искористување на можностите во рамките на расположливите инструменти на ЕУ.

Стратегиска цел 10

- **Следење на трендовите во централното банкарство, јакнење на флексибилноста во однос на промените што ги наметнува опкружувањето, ефективно управување со ризиците во сите сегменти на работењето, обезбедување непрекинатост во работењето и сигурност на информацискиот систем, подобрување на транспарентноста и општествената одговорност на институцијата.**

Во наредниот среднорочен период Народната банка ќе продолжи да ги развива и унапредува финансиското евидентирање и известување, што ќе овозможи поефикасно управување со финансиите, динамично планирање и следење на билансот на Народната банка. Контролата на трошоците, остварувањето на повратот од финансиските инвестиции со најмал ризик на изложеност и оптимизирањето на приходите од редовното работење, ќе бидат главниот столб на заложбите на Народната банка.

Промените во окружувањето и нивното влијание врз работењето на Народната банка го потенцираат значењето на стратегиското планирање. Во тој домен, посебно внимание ќе се посвети на развојот на капацитетите за реално и објективно утврдување на приоритетите во работењето, следењето и оцената на остварувањата, имајќи ги предвид човечкиот потенцијал, финансиските средства и ризиците во работењето. Значаен елемент за успешно спроведување на мисијата на Народната банка претставува развојот на институционалната зрелост. Во таа насока, еден од

главните приоритети на Народната банка во новиот стратегиски период претставува натамошниот развој на современ и компетентен човечки капитал, унапредување на корпоративното управување и продлабочување на системот на вредности во согласност со современите практики во централното банкарство. При новите вработувања, посебно внимание ќе им се посвети на правичната застапеност на етничките заедници и рамноправната полова структура, почитувајќи ги принципите на квалитет, стручност и компетентност.

Од друга страна, растечкиот компјутерски криминал во светски рамки, бегалската и мигрантската криза, како и внатрешните политички предизвици, налагаат потреба од зачестено следење на ризиците и правовремено идентификување на новите ризици, засилување на мерките за сигурност на информацискиот систем на Народната банка и на мерките за обезбедување непрекинатост во работењето на Народната банка.

Во областа на регулативата, Народната банка активно е вклучена во подготовката, измените и дополнувањата на повеќе закони, меѓу кои: Законот за Народната банка, Законот за платежни услуги и Законот за финансиски инструменти. По нивното донесување, Народната банка ќе продолжи да работи на подготовката на подзаконската регулатива поврзана со овие закони. Воедно, регулаторните промени налагаат постојано следење и контрола на правниот ризик, така што посебно внимание ќе ѝ се посвети на контролата на усогласеноста на работењето на Народната банка со прописите.

При спроведувањето на редовните работни процеси, Народната банка ќе продолжи да ги одржува постојните работни услови во согласност со деловните барања, стандардите и нормите утврдени во Република Македонија. Во таа насока, Народната банка ќе работи на сигурна и ефикасна примена на информациската технологија во работењето преку понатамошно постојано подобрување на информативните системи во согласност со најдобрите меѓународни практики од областа на управувањето со ИТ-услугите. Воедно, во рамките на активностите за изградба на новиот објект, во наредниот среднорочен период ќе се работи на обезбедување оптимален еколошки, сигурносен и техничко-технолошки работен простор и опрема, во насока на зголемување на професионалните остварувања на Народната банка. Во делот на јавните набавки, Народната банка го следи трендот на електронските набавки на национално ниво, преку постојано унапредување на процесот, воведување електронски постапки за јавни набавки, поедноставување на процедурите и развој на нови и надградба на постојните апликативни решенија.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

8. Овој план влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 2017 година.

9. Со започнување на примената на овој план, Стратегискиот план на Народната банка на Република Македонија СП. бр. 02-15/V-1/2015 од 7 мај 2015 година престанува да важи.

**С. П. бр. ___________**
**26 мај 2016 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка на**
**Република Македонија**
**Димитар Богов**